2025

# Твитови, закани и трауми:Дигиталното насилство на онлајн платформите



Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите
ЕКВАЛИТИКО

# Твитови, закани и трауми: Дигиталното насилство на онлајн платформите

Издавач: Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО

Авторки: Даниела Антоновска, Фросина Дониновска-Сусинов

Скопје, мај 2025 година

Оваа анализа е изготвена како дел од институционален грант на Здружението за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје поддржан од Глобален фонд за жени.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 3

1.МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 5

1.1. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ДИГИТАЛНОТО (ТЕХНОЛОШКИ ОВОЗМОЖЕНО) НАСИЛСТВО ........ 7

1.2. ФОРМИ НА ДИГИТАЛНОТО (ТЕХНОЛОШКИ ОВОЗМОЖЕНО) НАСИЛСТВО ........ 9

1.3. ИНТЕРСЕКЦИСКИ ПРИСТАП И РОДОВА ДИМЕНЗИЈА НА ДИГИТАЛНОТО НАСИЛСТВО ........ 13

1.4. МАЖОСФЕРА И ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО ДЕЛ ОД ФАКТОРИТЕ ЗА ДИГИТАЛНОТО РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ........ 15

2. МЕЃУНАРОДНА И ЕВРОПСКА ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ........ 18

2.1. ПРАВНА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 26

3.НАОДИ ОД ПРАШАЛНИК ........ 32

4. ЗАКЛУЧОК ........ 49

4.1. ПРЕПОРАКИ ........ 52

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: ........ 56

# ВОВЕД

Растечкиот досег на информациските и комуникациските технологии (ИКТ), како што се интернетот, социјалните медиуми, мобилните уреди и дигиталните платформи, иако од една страна претставуваат извор на знаење, информирање, споделување искуства од друга страна претставуваат потенцијални опасности за сите корисници на интернетот. Насилството не познава граници, ги преминува физичките граници и станува секојдневие и во виртуелниот свет. Дигиталниот свет е реален и дигиталната комуникација е реална. Често пати она што се случува во физичкиот свет се прелева во дигиталниот свет и обратно. Студиите сугерираат дека 1 од 3 жени ширум светот доживеале некаков вид на насилство во физичките простори врз основа на пол и род во текот на својот живот. Додека пак преку интернет од 16 до 58 проценти од жените и девојчињата низ целиот свет биле цел на насилство.

Во дигиталниот свет, жените и девојките имаат поголема веројатност да бидат цели на сајбер насилство на дигиталните платформи и како резултат на тоа, тие доживуваат значителни физички, сексуални и психолошки стресови. Дигиталното насилството продолжува да доминира во животите на многу жени и девојки низ ЕУ. Стратегијата на ЕУ за родова еднаквост 2020-2025 година препознава дека онлајн насилството насочено кон жените станува сеприсутно со специфични последици за менталното и психичкото здравје на жените. Усвојувањето на Директивата за борба против насилството врз жените и семејното насилство беше голема пресвртница во борбата против сајбер насилството. Жените, особено оние кои се соочуваат со повеќе форми на дискриминација, кои припаѓаат на историски маргинализирани групи или пак кои се занимаваат со јавни професии како што се политичарки, новинарки, активистки и бранителките на човекови права често пати се диспропорционално засегнати. Тие се несразмерно цел на различни видови на родово базирано сајбер насилство како што се онлајн вознемирување, онлајн следење/демнење, доксирање, споделување интимни слики без согласност и употреба на лажни слики дизајнирани да им наштетат и да ги дискредитираат. Според рамката за проценка на ризикот на европскиот Закон за дигитални услуги,

големите онлајн платформи  и пребарувачи се обврзани да ги идентификуваат, проценат и ефикасно да ги ублажат системските ризици, вклучително и ширењето на родово заснована содржина на насилство. Ваквите мерки за ублажување треба да бидат разумни, пропорционални, ефикасни и прилагодени на специфичните системски ризици, за да се ублажи физичката, сексуалната, психолошката, социјалната, политичката или економската штета. Во РСМ претходните истражувања говорат дека за 2024, 62,8% од жените во Македонија барем еднаш се имаат соочено со дигитално насилство, кое што е најзастапено на социјалните мрежи Facebook (68.6%) и Instagram (23%). Најчести форми на онлајн насилство се добивање несакани или навредливи содржини или пораки (45,9%), потоа добивање несоодветни приоди или содржини од сексуална природа (38,6%), додека 28,2% од жените во Македонија се соочиле со хакирање на приватни профили и веб-страници.

Анализата, со користење на квантитативно-квалитативен методолошки пристап, се осврнува на препознавањето, ризиците и последиците од различни форми на дигитално насилство како и на (не) пријавувањето како и на проценката на ставовите, и верувањето на испитаниците, жени и мажи за дигиталното насилство. Анализата покажува дека има разлика како во доживеаните форми на дигитално насилство од страна на девојките и жените, мажите и момчињата, но исто така има разлика и во ставовите, верувањата и перцепцијата кон дигиталното насилство и образците на однесување во дигиталниот свет. Исто така анализата дава преглед и на европската и националната регулатива поврзана со насилството пред сѐ со дигиталното насилство и соодветни препораки за справување со истото. Потребно е поголемо ниво на едукација, дигитална и медиумска писменост, менување на одредени непишани образци на однесување и вкоренети ставови како и навремено и соодветно реагирање на надлежните институции.

# 1.МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оваа анализа е резултат на комбиниран методолошки пристап составен од квалитативни и квантитативни истражувачки алатки. Квалитативните алатки вклучуваат деск анализа односно канцелариско истражување на претходни анализи на оваа тема и преглед на релевантна нормативна и политичка рамка за насилство врз жените и останати поврзани нормативни рамки. Во подготвителната односно првата фаза беше спроведена деск анализа на постоечки истражувања на темата како и на европската и националната регулатива. Правата фаза се одвиваше во перодот од 1 до 20 април. Понатаму, во втората фаза беше изработен прашалник како дел од квантитативните алатки споведен онлајн преку гоогле формс. Во рамки на втората фаза беше дефинирана и целната група за дистрибуција на прашалникот-претставници на граѓански организации и активисти/активистки. Поради зачувување на тајноста и анонимноста на одговорите во прашалникот не беше вклучено прибирање на емаил адреси на испитаниците. Онлајн дистибуцијата на прашалникот се одвиваше во периодот од 10 април до 30 април 2025 додека пак обработката на прашалникот се изврши веднаш по завршувањето на прибирањето на податоците. Прашалникот се состоеше од два дела со вкупно 27 прашања. Првиот дел се однесува на препознавање, (не)пријава на феноменот, факторите на ризик и последиците додека пак вториот дел се однесува на проценка на ставовите, верувањата на испитаниците за дигиталното насилство. Дел од прашањата се од отворен тип, дел од затворен тип, а дел се со понудени опции за избор и Ликерт скала. Прашалникот беше достапен на македонски јазик. Истиот беше праќан директно на емаил на лицата од ГО, активисти/активистки, но беше достапен и јавно на Facebook и Linkedin. Преку онлајн прашалникот се направи напор за прибирање на примарни податоци. Секундарните податоци беа добиени преку деск анализата.

Ограничување на прашалникот-Прашалникот не вклучува репрезентативен примерок иако на него имаат одговорено 105 испитаници бидејќи главна целна група беа претставници на граѓански организации, активисти и лица кои на некој

друг начин се поврзани со граѓанскиот сектор (експерти, истражувачи, основачи на ГО, волонтери) но, не располагаме со точни информации за бројот на лицата, вработени во ГО како и активисти, волонтери ниту пак за точниот вкупен број на активни ГО во државата. Примерокот на испитаници вклучува и жени и мажи, од различна возрасна категорија.

Цели на истражувањето :

- Разбирање на феноменот и моменталната состојба со дигиталното (родово) базиранонасилство во државата
- Разбирање на интерсекциска и родова димензија на дигиталното насилство
- Да се утврдат ставовите и верувањата на учесниците во анкетата кон дигиталното родово базирано насилство
- Мапирање и проценка на ефективноста на тековното меѓународно и национално законодавство
- Идентификување на добри практики и начини на превенција и справување преку предлог препораки

Анализата е структурирана во два дела. Првиот дел се однесува на дефинирање на феноменот, различните форми на дигитално насилство, родовата димензија и интерсекцискиот пристап кон истото и останати поттикнувачки фактори кои влијаат за засилување на оваа форма на насилство. Во вториот дел е прикажана меѓународната и националната легислатива, позитивни примери од другите земји во справување со овој вид насилство, информации за тоа каде може да се пријави технолошки овозможеното родово - базирано насилство, наодите од прашалникот и се дадени заклучоци и соодветни препораки.

## 1.1. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ДИГИТАЛНОТО (ТЕХНОЛОШКИ ОВОЗМОЖЕНО) НАСИЛСТВО

Вториот бран на дигиталната ера иако од една страна придонесува кон растечки дофат на технологии базирани на интернет, дифузија на социјалните медиуми и виртуелни содржини, од друга страна ги зајакнува постоечките форми на насилство каде онлајн каналите стануваат нови простори за извршување на различни форми на насилство. Се создадоа нови алатки за нанесување штета преку онлајн вознемирување, сексистички и друг вид говор на омраза, онлајн следење, лажно претставување, споделување на графички содржини без согласност, итн.

Дигиталното или технолошки овозможеното насилство може да се дефинира како ,,употреба на компјутерски систем за да се предизвика, олесни или да се закани со насилство на друго лице што може да резултира со физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање, и може да вклучува експлоатација на околностите, карактеристиките или ранливоста на лицето."[1] Дигиталното насилство не секогаш е родово базирано, меѓутоа не е мал бројот на пријавени случаи кои спаѓаат во доменот на родово базирано дигитално насилство. Во поглед на дефиницијата за дигиталното односно технолошки овозможеното родово базирано насилство има неколку прифатени дефиниции од меѓународни организации но, има недостаток на сеопфатна усогласена дефиниција на ниво на ЕУ. Тоа претставува примарна пречка за усвојување на потребна правна и политичка рамка и усвојување на мултилатерални форми на справување со овој тип насилство. Усогласувањето на дефиницијата за онлајн родово насилство на ниво на ЕУ е од суштинско значење за да се олесни соработката меѓу сите земји-членки, и да се подобрат услугите за поддршка на жртвите.

Дефиниција за дигиталното односно технолошки овозможеното родово базирано насилство која е донекаде општо прифатена дефиниција од страна на телата и агенциите на ОН, дефинирана од Специјалниот известувач на ОН за насилство врз жените уште во 2018 година е „Секој чин на родово базирано насилство врз

[1] Council of Europe, "Cyber violence"достапно на https://www.coe.int/en/web/cyberviolence

жените што е извршен, потпомогнат или отежнат делумно или целосно со употреба на ИКТ, како што се мобилни телефони и паметни телефони, интернет, платформи за социјални медиуми или е-пошта, врз жена затоа што таа е жена или непропорционално влијае врз жените.”[2]

Дигиталното или технолошки овозможеното родово базирано  насилство е проблем што еволуира, како во однос на комплексноста на ситуацијата така и во однос на континуираните промени во технологијата и однесувањето во онлајн просторот. Со цел подобро објаснување на овој брзо растечки негативен феномен потребно е детално разбирање на родово базираното  насилство кое се случува во физичкиот простор. Дигиталното насилство врз жени и девојчиња се јавува како дел од поширокиот континуитет на родово базираното насилство кое е вкоренето во општествените структури и системи. Истите понатаму можат да придонесат кон генерирање и репродукција на родовите стереотипи, нееднаквоста и родово базираното насилство.

Како групи најпогодени од дигиталното насилство се издвојуваат жените и девојките, лица во одредени професии како бранителки и активистки за човекови права, новинарки, политичарки, припадници на ЛГБТ+заедницата, и останати маргинализирани групи. Ризиците за изложеност на дигитално насилство на овие групи дополнително се зголемуваат со новите технологии како што се вештачката интелигенција, виртуелната реалност и проширената реалност. Новите технологии го засилуваат влијанието на дигиталното насилство врз жртвите преку обезбедување на сторителите со автоматизирани механизми со цел навлегување во личните податоци односно во личниот и професионалниот живот на потенцијалните жртви применувајќи различни начини како следење, ширење дезинформации во онлајн или офлајн просторот и др.

[2] United Nations, Thematic Reports, “The report of the UN Special Rapporteur on Violence against Women on the Causes and Consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective”2018, достапно https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc3847-report-special-rapporteur%20violence-against-women-its-causes-and

## 1.2. ФОРМИ НА ДИГИТАЛНОТО (ТЕХНОЛОШКИ ОВОЗМОЖЕНО) НАСИЛСТВО

Советодавниот комитет на Европската комисија за еднакви можности за жените и мажите изјави дека дигиталното насилство може да биде во форма на: говор на омраза, сајбер вознемирување, трговија со луѓе, сексуална експлоатација и сајбер следење при тоа потенцирајќи дека ова се само дел од формите. Како што се развива распространетоста на социјалните медиуми и онлајн платформите, се развиваат и новите форми на насилство. Формите зависат и од специфичниот контекст во кој се одвива онлајн комуникацијата. Сепак најчесто споменувани се следните форми на дигитално или технолошки овозможено базирано насилство:

- **Сексистичкиот говор на омраза**

Советот на Европа го дефинира како „изрази кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза врз основа на пол и род." Вообичаено, ова се заканите за силување, смрт и тортура што можат да ги добијат жените и девојчињата затоа што се жени и се вкоренети во стереотипите наметнати од културата на силување и патријархатот.

- **Сајбер-малтретирање**

Сајбер-малтретирањето се состои од повторено однесување како што се испраќање лоши текстуални пораки, започнување гласини или објавување слики со цел да се заплаши и поткопа нечија самодоверба или углед, што понекогаш ги турка ранливите поединци кон депресија и самоубиство.

- **Сајбер вознемирување**

Сајбер вознемирувањето е употреба на дигитални средства за комуникација или интеракција со лице кое не дава согласност. Сајбер-малтретирањето најмногу се случува меѓу малолетници. Сексуалното вознемирување преку интернет може да биде во форма на коментари, видеа, фотографии и графички слики од сексуална природа кои имаат за цел да ги навредат жените и да создадат услови за понижување и сексуализација, само затоа што тие се жени. Може да се користат

навредливи сексистички зборови како „курва“ „кучка“, и сл. како и коментари за физичкиот изглед на жените/

- **Сајбер демнење**

Чин на шпионирање, фокусирање на некого или собирање информации за некого на интернет и комуницирање со некого против нивна волја.

- **,,Доксинг “**

Изнудување, откривање и ширење доверливи и чувствителни информации за некого без негова согласност со цел да му се нанесе штета или понижување.

- **,,Тролање“**

Кога некое лице намерно се обидува да поттикне негативни реакции со објавување нападни, злонамерни и штетни коментари на интернет. Родово базирано тролање како цел на злоупотреба ги зема девојките, жените и девојчињата само затоа што се жени. Истото подразбира употреба на сексистички, мизогин јазик, родово базирани навреди во пораки и коментари, создавање на насилни хаштагови.

- **,,Flaming“ или пламен-потпалување**

Слично на тролањето, но е личен и директен напад над поединец вообичаено во група или во форуми или блогови за разговор односно тоа е најсилната форма на родово тролање.

- **„Маскирање“**

Лажно претставување или преземање туѓ идентитет. Тоа е создавање лажен онлајн-профил или идентитет и имитирање некого, без негова согласност со намера да се повреди, измами, заплаши одредено лице. Може да се користи за дискредитација на жени, девојки преку целосна кражба на идентитет.

- **Одмазничко порно или злоупотреба заснована на слики**

Означува употреба на нечија слика за принудување, закана, вознемирување, вклучува и дипфејк односно создадени слики користејќи вештачка интелегенција.

Во овие случаи се користат приватни слики и видеа со сексуален карактер, дадени или разменети, и нивно објавување на интернет за да се срами и понижи жртвата. Тоа може да биде проширување на насилството од интимниот партнер на онлајн просторите. Сликите може да се добијат и со хакирање на компјутерот, сметките на социјалните мрежи или телефонот на жртвата и имаат за цел да нанесат вистинска штета на жртвата во реалниот живот. Истражувањата покажуваат дека до 90 % од жртвите на одмазднички порно се од женски пол и дека бројот на случаи се зголемува. Исто така, има сѐ поголем број на веб-локации посветени на споделување одмазничко порно, каде што корисниците можат да испраќаат слики заедно со лични информации како што се адресата на жртвата, работодавачот и линкови до онлајн профилите.

- **Секстингот и сексуалниот груминг**

Секстингот опфаќа електронска размена на текст, слики и видеа со недолична сексуална содржина и може да придонесе кон понатамошно уценување на поранешни партнери. Додека пак сексуалните грумери се предатори кои најпрвин воспоставуваат доверба, преку добрина и разбирање, односно најпрвин ги „скротуваат” потенцијалните жртви, а понатаму целта им е злоупотреба и експлоатација. Грумерите најчесто се возрасни лица иако често во онлајн просторот се претставуваат како деца или млади луѓе, додека пак жртвите најчесто се многу млади лица (деца).

- **Сајбер егзибиционизам**

Изложување на непосакувана содржина, најчесто порнографија без согласност, односно лице испраќа непосакувана фотографија од своите гениталии до непознати лица без нивна согласност. Може да опфаќа и други облици на изложување на порнографија без согласност, од типот на фотографии, видеа и анимации со сцени на секс, силување и сл.

- **Снимање под фустан и манијачки фотки**

Во најчест случај станува збор за снимањето под фустан (англ. upskirting) и манијачките фотки (англ. creepshots) кои се состојат од снимање на девојчиња и жени на јавни места, без нивна дозвола најчесто како што се продавници, јавни тоалети, јавен превоз, соблекувални, училници или улици, но и во приватните станови на девојчињата, жените и девојките. Снимањето под фустан или под здолниште е тајно фотографирање и снимање, додека манијачките фотки се всушност правење сексуално сугестивни фотографии и видеоснимки од некоја жена/девојка без таа да забележи.

- **Напади од толпа / сајбер толпи**

Непријателски групи кои вклучуваат стотици, понекогаш илјадници луѓе, кои систематски вознемируваат одредени лица. Ова можат да бидат организирани вмрежени групи или помалку организирани односно неорганизирани групи. Најчесто користат хаштаг со цел јавно посрамување на лицето или лицата. Се водат според психологијата на толпата односно се фокусирани на јавно разоткривање, понижување, и казнување на лицето –цел на нападот. Истите многу често преку лицето-цел на нападите споделуваат мислење за политички или други теми и идеа со кои групата/толпата не се согласува. Во ваквите случаи многу често цел на напад се новинарки, активистки за човекови права, феминистки и други јавни лица.[3]

[3] HerNetHerRights: Mapping the state of online violence against women and girls in Europe, European Women’s Lobby, Достапно на: https://womenlobby.org/

## 1.3. ИНТЕРСЕКЦИСКИ ПРИСТАП И РОДОВА ДИМЕНЗИЈА НА ДИГИТАЛНОТО НАСИЛСТВО

Со години наназад постојано се сметаше дека дигиталното насилство е родово неутрално односно дека ги погодува сите корисници на онлајн платформите и останати дигитални технологии независно од нивниот пол и род. И иако е точно дека и мажи и жени од различни возрасти пријавиле дека се цел на дигитално насилство сепак статистичките податоци се јасни; жените и девојките, во споредба со мажите и момчињата се главни цели на насилство преку интернет и ги трпат најнасилните форми на агресија и доживуваат најголеми последици. Во најголем број случаи каде цел на дигиталното насилство биле момчиња и/или мажи, тогаш станува збор за момчиња и мажи кои често пати отстапуваат од традиционалните и стереотипно воспоставени улоги во општеството.

Истражување спроведено од Агенцијата за фундаментални права на Европската унија потенцира дека 53% од објавите на социјалните мрежи може да се сметаат за омраза. Од ова истражување е видливо дека речиси во сите анкетирани земји, освен во Германија, жените се групата која е најмногу цел на говор на омраза. Со растот на дигиталното насилство онлајн присуството на жените е постојано загрозено што доведува до драматични последици за нив, нивните семејства и нивните заедници. [4] Кога дигиталното односно технолошки овозможеното насилство е насочено кон жени и девојки добива родова димензија и истото најчесто претставува континуиран процес кој се прелева од офлајн насилство врз жени и девојки во онлајн насилство. Но, честопати претставува и обратен процес односно од онлајн просторот се прелева во физичкиот простор.

Студиите низ целиот свет покажуваат дека од 16 до 58 проценти од жените и девојчињата биле цел на насилство преку интернет.[5] Според Извештајот на UN Women за 2024, 62,8% од жените во Македонија барем еднаш се имаат соочено со

[4] Combating cyber violence against women and girls: Developing an EU measurement framework Methodological report, European Institute for Gender Equality, 2025, достапно на https://shorturl.at/xBitW

[5] United Nations, Cyber violence against women and girls the growing threat of the digital age, 2024, достапно на https://unric.org/en/cyberviolence-against-women-and-girls-the-growing-threat-of-the-digital-age/

дигитално насилство, кое што е најзастапено на социјалните мрежи Facebook (68.6%) и Instagram (23%). Најчести форми на онлајн насилство се добивање несакани или навредливи содржини или пораки (45,9%), потоа добивање несоодветни приоди или содржини од сексуална природа (38,6%), додека 28,2% од жените во Македонија се соочиле со хакирање на приватни профили и веб-страници.[6] Според кампањата на УНДП „И онлајн насилството остава лузни – кампања на УНДП против сексуално насилство на интернет“, 70 % од жените кои биле жртви на онлајн насилство, не го пријавиле случајот.[7]

Секој може да биде погоден од дигитално насилство, но не секогаш сите се подеднакво погодени. Одредени поединци, заедници и групи луѓе според претходните студии се повеќе погодени од останатите. Така лицата, заедниците и групите кои се историски и/или политички маргинализини врз основа на нивниот пол, род, сексуална ориентација, раса, социо-економски статус често пати се диспропорционално погодени. Често пати и самите напади кон одредени групи и заедници имаат политичка, анти-феминистичка и репресивна агенда. Истражувачите на Chatham House го испитуваат она што тие го нарекуваат каскаден и комбиниран ефект, една форма на дигитално родово базирано насилство предизвикува или е меѓусебно поврзана со друга во еден вид во циклус на штета/и и овие каскади го зголемуваат влијанието врз засегнатите односно врз жртвите.[8] И мажите и момчињата можат да бидат засегнати од дигиталното насилство, најчесто кога некоја нивна карактеристика е поврзана со одредена вулнерабилна или маргинализирана група во општеството. Најчесто тоа е преку припадност или претпоставена припадност на ЛГБТ+ заедницата или пак преку визуелно или друго отстапување од општо прифатените традиционални улоги во општеството.

[6] Канал 5 ТВ, 62,8% од жените во Македонија барем еднаш се соочиле со онлајн насилство –студија на UN Woman, достапно на https://kanal5.com.mk/62-8-od-zhenite-vo-makedonija-barem-ednash-se-soochile-so-onlajn-nasilstvo-studija-na-un-woman/a671214

[7] Радио МОФ, И онлајн насилството остава лузни-кампања на УНДП против сексуалното насилство на интернет, достапно на https://www.radiomof.mk/i-onlajn-nasilstvoto-ostava-luzni-kampanja-na-undp-protiv-seksualno-nasilstvo-na-internet/

[8] CFFP and Pavlova (2025): Feminist Perspective on Cybercrime Law-Toward and effective and human rights –respecting implementation of the United Nations Cybercrime Convention, 2025, достапно на https://www.boell.de/en/2025/02/28/intersectional-feminist-perspectives-cybercrime-law

Претходните студии укажуваат дека помладите жени се изложени на поголем ризик од дигитално насилство за разлика од постарите жени. Веројатноста помладите жени и девојки да доживеат дигитално насилство е 4 пати поголема кај жените на возраст од 18-24 години отколку кај оние над 65 години. Жените со образование над основното ниво се изложени на поголем ризик од жените со основно образование, а ризикот е најголем за жените со средно техничко образование. Жените од поголемите градови, разведените жени, жените дел од ЛГБТ+заедницата, жените со некој вид на попреченост, жени и девојки од етнички малцинства исто така се соочуваат со поголем ризик од дигитално насилство. Жените кои поминуваат повеќе време на интернет се изложени на поголем ризик на насилство.[9]

## 1.4. МАЖОСФЕРА И ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО ДЕЛ ОД ФАКТОРИТЕ ЗА ДИГИТАЛНОТО РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Онлајн просторите кои сега се главното место каде што младите мажи го поминуваат своето време се од суштинско значење да се разбере како луѓето кои имаат моќ над наративот во онлајн просторите влијаат врз нормите и однесувањата. Така во обид да се разбере како се обликуваат наративите, Equimundo има истражувано шест главни платформи што ги користат младите мажи во САД и нивните искуства со соочувањето со наративи за машкоста. Тоа што мажите бараат заедништво и поврзаност во дигиталниот свет не е по природа штетно и обично е прилично безопасно. Но, сепак, многу мажи се насочени кон она што стана познато како манософера (мажосфера) широка колекција на веб-страници, форуми и други онлајн простори карактеризирани со мизогинистичка и антифеминистичка содржина.[10] Манософера или мажосферата претставува мрежа

[9] The dark side of digitalization: Technology-facilitated violence against women in Eastern Europe and Central Asia, UN Women Regional Office for Europe and Central Asia, 2023, достапно на https://shorturl.at/YTH0R
[10] Equimundo, 20224, What is the Manosphere, достапно на https://www.equimundo.org/what-is-the-manosphere/

на онлајн заедници составени исклучиво од мажи и момчиња на различна возраст кои се залагаат за различни машки права и интереси, истовремено промовирајќи мизогинистички идеологии, антифеминистички и сексистички верувања. Тие најчесто ги обвинуваат жените, феминистките и бранителките на човекови права за секаков тип на проблеми во општеството. Многу од овие простори постојат на платформи како YouTube, Reddit и TikTok, и сѐ повеќе продираат во мејнстрим медиумите. Манософерата се протега многу повеќе од јавните личности што се поврзуваат со неа. Едноставно претставува синџир од меѓусебно поврзани, различни групи, кои застапуваат спектар на идеи: од екстремна мизогинија на форумите па сѐ до инсел (недоброволни целибати) каде успешно се користат животните предизвици со кои се соочуваат мажите и се регрутираат млади мажи и момчиња. Нивните онлајн дејствувања најчесто се засновани на нерамнотежа на моќта, ги зајакнуваат штетните стереотипи и формираат средини кои можат да поттикнат натамошно насилство во реалниот свет. Дигиталното братство е слично како и мажосферата, ги опфаќа групите мажи во дигиталниот свет каде постои еден вид на непишан тивок договор од страна на сторителите на онлајн насилството и останатите учесници во истото кои се поддржуваат меѓу себе и се мобилизираат против жените и феминистките во онлајн просторите. Треба да се потенцира и влијанието на троловите бидејќи истите најчесто делуваат во орди-групи и тоа многу често политички организирани групи тролови кои масовно се ангажираат и мобилизираат и со тоа нападите врз нивните жртви се екстремно загрозувачки. Разбирањето и справувањето со влијанието на овие онлајн заедници е од клучно значење за промовирање на поинклузивно и порамноправно општество.[11]

Брзиот напредок на вештачката интелигенција ги зајакнува постоечките прашања и создава нови форми на злоупотреба. Вештачката интелигенција има капацитет да ги зголеми постоечките ризици поврзани со дигиталното насилство, со дела како што се автоматско вознемирување, сексуална злоупотреба заснована на слики и онлајн дискриминација. Од клучно значење е да се следат сериозните штети за жените и девојчињата што генеративната вештачка интелигенција може

[11] Politics 4 Her, 2025: Breaking the Silence: Cyber violence against Women in Europe, достапно на https://www.politics4her.com/policy4her/breaking-the-silence-cyberviolence-against-women-in-europe

да ги предизвика. Повеќекратните штети и ризици за жените и девојчињата се поврзани со проширување и интеграција на технологиите на Вештачката Интелигенција (ВИ) и може да се сметаат за форми на технолошки овозможено (родово) базирано насилство. Вештачката интелигенција овозможува создавање на многу убедливи манипулирани сексуални видеа и/или аудио снимки преку длабока фејк технологија.

Чат-ботови управувани од вештачка интелигенција и виртуелни асистенти може да се програмираат и да покажат одредени предрасуди и на тој начин да придонесат за зајакнување на родовите стереотипи. Иако истите можат да се класифицираат како добри и лоши ботови, сепак некои проценки сугерираат дека значителен процент од сите социјални ботови отпаѓаат на лошите ботови. Овие технологии може да покажат несоодветни одговори на родово засновани прашања со што можат да придонесат кон нормализирање на сексистичките ставови и однесувања Генеративните алгоритми за вештачка интелигенција може да го автоматизираат генерирањето пораки со омраза или заканувачки тон, а можат и да придонесат кон одржливоста на онлајн кампањите за вознемирување на жените и ширење на дезинформации. Истите може ненамерно да ги засилат општествените предрасуди присутни во податоците за машинско учење - феномен познат како алгоритамска пристрасност. Ако податоците за обука на пример содржат родови предрасуди, системот за вештачка интелигенција може да генерира содржина што ги рефлектира и ги зајакнува дискриминаторските ставови кон жените и девојчињата.[12]

Останатите фактор ризици кои придонесуваат кон засилување на дигиталното или технолошки овозможеното родово базирано насилство ќе бидат елаборирани преку обработка на наодите од спроведениот прашалник.

[12] Combating cyber violence against women and girls: Developing an EU measurement framework Methodological report, European Institute for Gender Equality, 2025, достапно на https://shorturl.at/xBitW

## 2. МЕЃУНАРОДНА И ЕВРОПСКА ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА

Меѓународната правна рамка кој што го регулира родово то насилство (во понатамошниот текст РБН) е доста опсежна, а дел од истата се применува и за технолошки РБН како понова форма на родовобазирано насилство. Меѓународната правна рамка во главно е составена од Конвенции, препораки, извештаи и други документи кои што земјите потписнички се обврзале да ги имплементираат. Овде би ги наброиле: Истанбулската конвенција, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ), Препораките на ГРЕВИО (Група експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство), Препораките на ЦЕДАВ, извештаи од Специјалниот известувач за насилство врз жените на ОН, Конвенцијата за компјутерски (сајбер) криминал на Советот на Европа – Конвенцијата од Будимпешта, Препораката на Комитетот на министри CM/Rec(2019) за спречување и борба против сексизам, и Европската директива за борба против насилство врз жените и семејно насилство ЕУ (2024/1385).

КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО – ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА И ОПШТАТА ПРЕПОРАКА БР. 1 ЗА ДИГИТАЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ НА ГРЕВИО

Истанбулската конвенција претставува меѓународен правен инструмент којшто дава основа за сеопфатна заштита на правата на жените. Овој меѓународен договор е отворен за потписи од страна на земји членки на Советот на Европа, земји кои не се членки на Советот на Европа, како и за меѓународни организации[13].

Од друга страна пак, ГРЕВИО, претставува механизам односно група експерти за делување против насилството врз жените и семејното насилство, формирана врз основа на Истанбулската конвенција. Оттука, ГРЕВИО, преку општата препорака

[13] *Action against violence against women and domestic violence Istanbul Convention*. Council of Europe. https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/about-the-convention.

број 1 го воведе поимот „дигитална димензија на насилството врз жените“, што се однесува на акти на насилство извршени со помош на технологија односно интернет како на пример: упатување на закани по живот на жртвата преку интернет, закани за силување, споделување на интимни и омаловажувачки фотографии, употреба на напредни технологии за монтирање на слики, креирање на лажни профили на социјалните мрежи и слично.

Оваа препорака ја нагласува важноста на обезбедувањето обуки за дигиталните форми на насилство врз жените за различните засегнати чинители, вклучувајќи ги и органите за спроведување на законот, експертите од областа на кривичното право, судиите и здравствените работници. Целта на овие заложби е сеопфатно справување со дигиталната димензија на насилството врз жените, овозможувајќи побезбедна средина на интернет[14].

Со потпишувањето на Конвенцијата, како и прифаќањето на Општата препорака број 1 на ГРЕВИО, државите потписнички имаат обврска да го криминализираат дигиталното насилство, со цел имплементација на подобри мерки во справување со РБН. Имајќи предвид дека технолошки овозможените насилства спаѓаат во категоријата на дејствија извршени со намера, истите се предмет на криминализација, односно нивното извршување се смета за кривично дело и за истите е потребно да се воведат казнени одредби.

Дејствија кои што се сметаат за дигитално РБН се: психичко насилство преку интернет[15], демнење преку интернет[16] и сексуално вознемирување што се извршува преку интернет или по пат на дигитални средства[17].

Она по што Препораката е клучна во овој дел е акцентот на сексуалното вознемирување преку интернет и неговото дефинирање. Дефиницијата сексуално

---

[14] Анализа на законодавството поврзано со технолошки овозможено родово базирано насилство. УНДП. Стр. 13.

[15] Член 33 од Општата Препорака број 1 на ГРЕВИО. https://mtsp.gov.mk/content/pdf/2023/ednakvi%20moznosti/GREVIO%20%20INF%202023%205%20FINAL%20REPORT%20MK.pdf

[16] Член 34 од Општата Препорака број 1 на ГРЕВИО. https://mtsp.gov.mk/content/pdf/2023/ednakvi%20moznosti/GREVIO%20%20INF%202023%205%20FINAL%20REPORT%20MK.pdf

[17] Член 36 од Општата препорака број 1 на ГРЕВИО.

вознемирување во овој контекст се однесува на: 1) споделување фотографии или видеозаписи без согласност; 2) снимање, производство или набавување интимни фотографии или видеозаписи без согласност; 3) експлоатација, принуда и закани 4) сексуално врсничко насилство; и 5) разголување на интимните делови од телото на интернет[18].

Препораката на ГРЕВИО се однесува и на мерки за отпочнување на судска постапка против сторителите на технолошки овозможено РБН. На крај, ГРЕВИО предлага и мерки насочени кон поддршка на жртвите на технолошки овозможеното насилство, во смисла на правна помош, насоки за пријавување на овој вид на насилство до надлежните институции, со акцент на жртвите со попреченост. Исто така, она што е од клучно значење за жртвите на технолошки овозможеното насилство е обезбедување на соодветни ресурси за службите и организации активни на полето на поддршка и заштита н нивните права. Дополнително, препораката предвидува и обуки за вработените во овој вид на служби, со цел поефикасен одговор и справување со случаите на технолошки овозможено РБН[19].

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕЛИМИНАЦИЈА НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ (ЦЕДАВ)

Во 2017 година, Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) ја усвои Општата препорака бр. 35[20], со која не само што се нагласува интерсекционалната природа на насилството врз жените, туку и се проширува применливоста на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на сите средини каде што технологијата игра посредничка улога — што претставува еден од нејзините најзначајни придонеси.

[18] Извештај за евалуација (основна) на ГРЕВИО за законодавни и други мерки со што се применуваат одредбите на Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција).
[19] Анализа на законодавството поврзано со технолошки овозможено родово базирано насилство. УНДП. Стр. 16
[20] General recommendation No. 35 (2017) on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19 (1992). https://www.ohchr.org/en/documents/general-comments-and-recommendations/general-recommendation-no-35-2017-gender-based

Според Препораката се признава дека насилството постои во сите аспекти на

меѓучовечките односи, при што се истакнува дека „современите форми на насилство се случуваат и на интернет и во други дигитални средини[21]".

**Специјален известувач за насилство врз жените на ОН**

Извештајот на специјалниот известувач на ОН во врска со насилството врз жените, како и причините и последиците од дигиталното насилство врз жените и девојчињата, става акцент на новите предизвици што ги поставува онлајн насилството врз жените, како и на негово спречување, односно заштита и правна помош за жртвите. Според специјалниот известувач на ОН за насилство врз жените, онлајн родово базираното насилство се однесува на секој чин на родово базираното насилство врз жените што е извршен, потпомогнат или олеснет или чии последици се влошени со делумна или со целосна употреба на информатичката и на комуникациската технологија, какви што се мобилните и паметните телефони, интернетот, платформите за социјално вмрежување или е-поштата, кој е насочен против жените само затоа што се жени или кој несразмерно ги погодува жените[22].

Уште на самиот почеток, важно е да се нагласи дека Специјалниот известувач на ОН за насилство врз жените не си поставува за цел да ги дефинира или документира сите можни форми на дигитално насилство врз жените и девојчињата. Поради брзиот развој на дигиталните технологии, дигиталниот простор и вештачката интелигенција, се очекува постојана појава на нови и разновидни форми на онлајн насилство[23].

Затоа, целта на овие извештаи е фокус на прашањата што предизвикуваат најголема загриженост, како и истакнување на некои од современите облици на дигитално насилство врз жените и девојчињата за кои бил известен.

---

[21] Ибид.

[22] A/HRC/38/47: Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective. https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc3847-report-special-rapporteur-violence-against-women-its-causes-and

[23] Анализа на законодавството поврзано со технолошки овозможено родово базирано насилство. УНДП. Стр. 14.

Извештајот на Специјалниот известувач главно се заснова на давање препораки на земјите членки со цел сеопфатен и целосен справување со технолошки овозможното РБН. Препораките се однесуваат на: начини на препознавање на дигиталното насилство како форма на кршење на човековите права, промовирање на образование и едукација и справување со проблемот на технолошки овозможено РБН[24].

## Конвенција за компјутерски (сајбер) криминал на Советот на Европа

Советот на Европа ја донесе Конвенцијата за компјутерски криминал во 2001 година во Будимпешта, а Република Северна Македонија ја ратификуваше во 2004. Овој документ претставува прв меѓународен акт кој што поопширно ги регулира криминалот и делата сторени преку интернет или преку други компјутерски мрежи. Конвенцијата се однесува пред сè на нелегалните дејствија на интернет, како што се компјутерски измами, прекршување на безбедносни интернет протоколи, повреда на авторски права, но и секаков вид на продуцирање, процесирање, дистрибуција или зачувување на детска порнографија на компјутерски уред[25]. Исто како и кај другите анализирани документи и Конвенцијата за компјутерски криминал не го наведува експлицитно дигиталното насилство или вознемирување врз основа на род и родов идентитет[26].

[24] A/HRC/38/47: Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective. https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc3847-report-special-rapporteur-violence-against-women-its-causes-and
[25] Convention on cyber-crime. https://rm.coe.int/1680081561
[26] За кого интернетот е безбедно место: Родово засновано насилство во онлајн просторот. Петковска, Н., Лешоска, В., 2021. стр. 6.

## Европска правна рамка во делот на справување со технолошки овозможено РБН

На ниво на ЕУ, проблемот со онлајн РБН не е сеопфатно дефиниран, затоа што постоечката Директива од 2024 година се однесува генерално на борба против насилството врз жените и семејното насилство. Иако Директивата го спомнува и дигиталното насилството, истата не нуди сеопфатна дефиниција, туку става акцент на различни видови на дигитално насилство како на пример: демнење, вознемирување, споделување интимни фотографии без согласност и поттикнување насилство и говор на омраза преку интернет. Сепак, Директивата предложува мерки за заштита и поддршка на жртвите на РБН, а ја истакнува и можноста да се пријави сторителот преку интернет или преку друг вид на безбедни и пристапни технологии, во случај на дигитални кривични дела како на пример споделување интимни или обработени содржини без согласност и демнење, вознемирување и поттикнување насилство или омраза преку интернет[27].

Други правни документи на ниво на ЕУ кои што го регулираат технолошки овозможеното РБН се: Општата Регулатива за заштита на личните податоци ЕУ 2016/679[28], Директивата за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите од трговија со луѓе 2011/36/ЕУ[29], Директивата за правата на жртвите 2019/29/ЕУ[30], Директивата за борба против сексуална злоупотреба на деца 2011/93/ЕУ[31] и Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги 2010/13/ЕУ[32].

[27] DIRECTIVE (EU) 2024/1385 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 14 May 2024 on combating violence against women and domestic violence. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:L_202401385

[28] Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC. https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2016/679/oj/eng

[29] Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of 5 April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims, and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2011/36/oj/eng

[30] The Victims' Rights Directive – Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA. https://victim-support.eu/legislation/the-victims-rights-directive/

[31] Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2011/93/oj/eng

[32] Directive 2010/13/EU of the European Parliament and of the Council of 10 March 2010 on the coordination of certain provisions laid down by law, regulation or administrative action in Member States

## Позитивни примери во справување со технолошки овозможеното родово базирано насилство преку промена односно подобрување на законската рамка во некои европски земји

Кога зборуваме за ефектите од имплементацијата на директивата (EU) 2024/1385, за спречување на насилството врз жените и семејното насилство, одредени земји во Европа кои што ја имплементирале, забележуваат некои позитивни практики од нејзината примена. Така на пример во Франција, со транспонирањето на оваа директива, сајбер малтретирањето е воведено како ново кривично дело.[33] Во Словенија и Полска, демнењето без разлика дали се случува во физичка и во онлајн средина е воведено како кривично дело, додека пак незаконското ширење на сексуално експлицитни слики и видеа се криминализираше во Италија, односно се воведе како кривично дело во кривичното законодавство на оваа земја. Австрија презеде чекори кон надминување на проблемот со говорот на омраза преку усвојување на пакет мерки за онлајн говор на омраза, а во Естонија беше формирана единица за т.н. веб полицајци во полицијата, специјализирана за справување единствено со говорот на омраза и вознемирување на интернет. Во оваа насока и Ирска презеде одредени чекори, односно со цел справување со онлајн насилството, преку измена на Законот за вознемирување, штетна комуникација и поврзани дела од 2021 година, ги криминализираше сите форми на споделување на интимни слики без согласност со казни во времетраење од 10 години.[34]

Надвор од Унијата, значајно е да се спомнат напорите на Обединетото Кралство кое неодамна усвои нови иницијативи за воведување на сајбер флешингот[35] како

---

concerning the provision of audiovisual media services (Audiovisual Media Services Directive. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2010/13/oj/eng

[33] Council of Europe (2022), Нема простор за насилство врз жени и девојки во дигиталниот свет. https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/no-space-for-violence-against-women-and-girls-in-the-digital-world

[34] Panorama Global (2023), ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСИВ: Глобален извештај за пејзажот со сексуално насилство засновано на слики, Подготвен од: The Image-Based Sexual Abuse Initiative. https://assets-global.website-files.

[35] Cyber Flashing е форма на непристојно изложување на интимните делови (исто така позната како „flashing“) што се одвива онлајн.

кривично дело и општо нелегалните содржини во онлајн просторот преку донесување на нов закон, Закон за онлајн безбедност.[36]

Исто така, Обединетото Кралство неодамна усвои нови иницијативи за криминализирање на сајбер флешингот и поопшто за нелегалните содржини онлајн преку Законот за онлајн безбедност, за кој беше добиена и согласност од кралството во 2023.

## Позитивни практики за справувување со технолошки овозможеното родово базирано насилство

Словенија служи како позитивен пример во процесот на справување со онлајн РБН, преку зајакнување и градење на капацитетите. Во оваа насока значајно е да се спомнат обуките и семинари за посебна категорија на засегнати страни, а тоа се судиите и другите лица задолжени за спроведувања на законот со цел јакнење на нивните капацитети за кривично гонење особено во делот на дигиталната димензија. Во Словенија, исто така беше усвоен и дисеминиран прирачник со упатства за постапување со случаите на технолошки овозможено РБН до сите полициски станици, обвинителства и судови во Словенија[37].

Белгија исто така бележи позитивни практики во справување со овој вид на насилство, преку напорите да ги вклучи националните институции за човекови права, имајќи ја предвид нивната значајна улога во борбата против онлјан РБН, особено во услови кога нивниот мандат им дозволува да ги истражат случаите на онлајн РБН. Во овој контекст, Институтот за еднаквост меѓу жените и мажите поднесе кривична пријава против платформа на социјална мрежа која одби да ги отстрани интимни слики објавени без согласност[38].

Со цел борба против сајбер сексизмот и онлајн говорот на омраза во Франција е формирана невладина организација #StopFisha.

[36]Online safety Act. 2023. What does the Online Safety Act do? https://www.gov.uk/government/publications/online-safety-act-explainer/online-safety-act-explainer#:~:text=safety%2Dact%2Dexplainer,What%20does%20the%20Online%20Safety%20Act%20do%3F,users'%20safety%20on%20their%20platforms.

[37] Council of Europe (2022), Дигиталната димензија на насилството врз жените кое е адресирано од седумте механизми на платформата EDVAW. https://rm.coe.int/thematic-report-on-the-digital-dimension-of-violence-against-women-as-/1680a933ae

[38] 1Institut pour l'égalité des femmes et des hommes, Plainte au pénal contre Twitter pour la distribution non-consensuelle d'images intimes | Institut pour l'égalité des femmes et des hommes. https://igvm-iefh.belgium.be/fr/actualite/plainte_au_penal_contre_twitter_pour_la_distribution_non_c

Организацијата беше основана за поддршка за жртвите и како аларм за да се осуди сајбер-сексизмот за време на пандемијата на Ковид-19. Првично формирана да се бори против сајберсексизмот, сега организацијата го прошири опсегот на делување и е активна на полето на справување со сите форми на сексистичко и сексуално сајбер насилство[39].

Во Обединетото Кралство, како успешен проект може да се смета и линијата за помош - Revenge Porn Helpline (RPH) која помага да се спречи лицата да станат жртви на споделување на интимни слики без согласност. Од основањето, линијата поддржува илјадници жртви, со над 90% стапка на отстранување на такви содржини, успешно отстранувајќи над 200.000 споделени без согласност интимни слики од интернет[40].

## 2.1. ПРАВНА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Преглед на национална правна рамка

Правната рамка која што го регулира РБН во Република Северна Македонија ги опфаќа следниве закони: Кривичниот законик, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Законот за кривична постапка, Законот за заштита од дискриминација, Законот за бесплатна правна помош и Стратегијата за родова еднаквост.

Кривичниот законик во својата дефиниција не го опфаќа технолошки овозможеното РБН како еден вид на РБН, туку повеќе се фокусира на физичкото, психолошкото и економското родово базирано насилство[41].

[39] Inach,#StopFisha.https://www.inach.net/stopfisha/#:~:text=Created%20in%20April%202020%20during%20the%20quarantine%2C%20the,given%20to%20the%20practice%20of%20disseminating%20intimate%20content
[40] 6StopNCII, About us. https://stopncii.org/about-us/
[41] Член 122, став 43. Кривичен законик.

Овој закон во својот делокруг вклучува неколку кривични дела кои што се однеуваат и се применливи за технолошки овозможеното родово базирано насилство, а истите се застапени низ следните членови:

Член 144 од Кривичниот законик кој што се однесува на загрозување на сигурноста, а посебно став 5 од овој член: *тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговиот род ќе се казни со казна затвор од една до пет години*[42].

Понатаму, член 144-а, се однесува на кривичното дело демнење, што е поврзано со злоупотреба на користење лични податоци, употреба на средства за јавно информирање или средства за комуникација или употреба на други начини на психичко злоставување, вознемирување или застрашување друго лице и предизвикување чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиску лице. За ваквите кривични дела Кривичниот законик предвидува парична казна или казна затвор во траење до три години[43].

Понатаму, член 190-а, се однесува на кривичното дело полово вознемирување преку користење на електронски средства. За ваквото кривично дело законот предвидува парична казна или казна затвор до една година[44].

Доколку ваквите дела се извршени спрема лица подредени на сторителот, или во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од droги, бременост или

[42]Кривичен Законик член 144, став 5. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23).

[43] Ибид, член 144 а.

[44] Тој што со вербално, невербално или физичко дејство, како и преку користење електронски средства за комуникација кое имаат директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална страст или друго дејство кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени сексуални дејства, и со тоа ќе го повреди неговото достоинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

тешки телесни или душевни пречки ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години[45].

Членот 193 пропишува казни за прикажувањето на порнографски материјал на малолетник, посебно во ставот два кој што се однесува на средствата за јавно информирање, за кое се предвидува казна затвор во траење од три до пет години[46].

Членот 193 – а од Кривичниот законик пропишува казни во случај на сторено кривично дело производство и дистрибуција на детска порногрфија, и за истото е предвидена казна затвор од најмалку 8 години, ако делото е извршено преку компјутерски систем, односно со користење на средства за масовна комуникација.

## Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство

Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, ги дефинира различните форми на родово засновано насилство, меѓу кои и сексуалното вознемирување на интернет, што се однесува на секое *вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа, што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, преку електронските средства за комуникација*. Оттука, имајќи ја предвид ваквата дефиниција на РБН преку интернет, сепак, истата не ги опфаќа специфичните форми на РБН и истата треба да се прошири[47].

Законот предвидува и мерки за заштита од родово базирано о насилство и истите се поделени во три групи: мерки за заштита од повторна виктимизација, мерки за итна и времена заштита и судска заштита. Уште повеќе, законот предвидува мултисекторски пристап кога станува збор за применување на мерките за заштита, сепак во пракса овие мерки се сведуваат единствено на заштита од

[45] Член 190- а, став 2, Кривичен законик. . („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23).
[46] Ибид, член 193, став 2.
[47] Анализа на законодавството поврзано со технолошки овозможено родово-базирано насилство. УНДП. стр. 20.

физичко и психичко насилство и истите не обезбедуваат заштита од дигитално родово базирано насилство.

Исто така, законот предвидува и услуги за жртвите на родово базираното насилство во вид на општи и конкретни услуги. Општите услуги се однесуваат на здравствени и социјални услуги за жртвите на РБН, додека конкретните услуги варираат согласно потребите на жртвите. Сепак, важно е да се нагласи дека во Законот недостигаат конкретни мерки за жртвите од овој вид на специфично насилство – технолошки овозможено РБН.

### Закон за заштита од дискриминација

Според член 5 од Законот за заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа[48].

Понатаму, членот 10 од Законот се однесува на вознемирувањето, како една од формите на технолошки овозможено насилство. Според дефиницијата дадена во законот, вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика[49].

[48] Закон за заштита од дискриминација, член 5. Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година.

[49] Закон за заштита од дискриминација, член 10. Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година.

**Закон за бесплатна правна помош**

Во Законот за бесплатна правна помош, во опсегот на примарна правна помош, меѓу останатите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство, како и помош при постапка за упис во матична книга на родени, стекнување со документи за лична идентификација и државјанство, постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и др. [50]

**Стратегија за родова еднаквост**

Стратегијата за родова еднаквост е важен документ во насока на обезбедување на еднаквост и рамноправност на жените во сите сфери на општествениот живот, а посебно нејзината заложба за борба против насилството врз жените и семејното насилство, вклучувајќи го и насилството врз жените во онлајн просторот.

Оттука, битно е да се нагласи случајот кој имаше ескалација во текот на 2020 и почетокот на 2021, поврзан со сексуалното вознемирување на интернет, што го истакна недостатокот на соодветни законски решенија за овој тип вознемирување и вид на РБН во нашето законодавство. Случајот „Јавна соба", во кој се креираа онлајн групи со илјадници членови на енкриптирани мобилни апликации за споделување приватни фотографии и лични податоци на девојки и жени и нивно последователно сексуално вознемирување, ја одбележа годината во која нашето целокупно општествено живеење се премести на интернет. Оттука, се нагласува потребата овој тип на вознемирување и родово базирано насилство да се регулира со Кривичниот законик, во согласност со меѓународните стандарди и во насока на заштита на девојките и жените од вознемирување и насилство во онлајн просторот.[51]

[50] Закон за бесплатна правна помош, член 6. https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/Zakon-za-besplatna-pravna-pomos.pdf

[51] Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026, стр. 65. https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%2021-26.pdf

**Каде може да се пријави технолошки овозможеното родово базирано насилство?**

Како што беше спомнато погоре, технолошки овозможено родово базирано насилството е секоја форма на нарушување на приватноста, демнење, вознемирување, родово-базиран говор на омраза, споделување лични содржини без согласност, сексуална злоупотреба заснована на фотографии или видеа, неовластено навлегување во компјутерски систем, кражба на идентитет и директно насилство[52].

Кога станува збор за механизмите за заштита од овој вид на насилство, значајно е да се спомне дека секој ваков случај на насилство, жртвите можат да го пријават во најблиската полициска станица или на cybercrime@moi.gov.mk .

Понатаму бидејќи станува збор за родово базирано насилство што се одвива во онлајн просторот, доколку истото се случува на некоја од социјалните мрежи, како на пример Facebook, Instagram, X или слично, жртвата може да направи репорт на профилот на сторителот и да ја наведе точната причина зошто го пријавува профилот. Сепак, овој начин на пријавување не секогаш делува, односно потребни се повеќе пријави од иста категорија за да може тој профил да биде отстранет.

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со УНДП има изготвено мобилна апликација за пријавување на родово базираното насилство Be Safe (Биди безбедна)[53]. Исто така, родово базираното насилство може да се пријави и на бесплатната мобилна СОС линија, 141 700, овозможена од Националниот совет за родова рамноправност[54], но треба да се потенцира дека во рамки на последните две можности за пријава, може да се пријави родово базираното насилство, но не е потенцирано дали може да се пријави и дигитално овозможеното родово насилство.

[52] И онлајн насилството остава лузни“ – кампања на УНДП против сексуално насилство на интернет. https://mrt.com.mk/node/118596

[53]BE SAFE - Апликација за заштита и поддршка на жртви од родово базирано насилство. https://mvr.gov.mk/vest/14768

[54] Министерство за социјална политика, демографија и млади. https://www.mtsp.gov.mk/specijalizirani-uslugi-za-zrtvi-na-semejno-nasilstvo.nspx

## 3.НАОДИ ОД ПРАШАЛНИК

Во рамки на втората фаза на истражувањето беше изработен прашалник како дел од квантитативните алатки. Прашалникот беше изработен на македонски јазик и се спроведе онлајн преку гоогле формс. Целна група на прашалникот беа претставници на граѓански организации и активисти/активистки, волонтери, или лица на друг начин поврзани со граѓански организации како експерти, консултанти и сл. Прашалникот беше пратен по електронска пошта до поголем број вработени, активисти/активистки од граѓански организации, но беше и јавно достапен неколку дена на социјалните мрежи Facebook и Linkedin. Прашалникот се состои од два дела со вкупно 27 прашања. Првиот дел се однесува на препознавање, (не)пријава на дигиталното насилство, факторите на ризик и последиците додека пак вториот дел се однесува на проценка на ставовите, верувањата на испитаниците за дигиталното насилство. Дел од прашањата се од отворен тип, дел од затворен тип со понудени опции за избор.

Ограничувањето на прашалникот се состои во тоа што истиот не вклучува репрезентативен примерок бидејќи главна целна група беа претставници на граѓански организации, активисти и лица кои на некој друг начин се поврзани со граѓанскиот сектор (експерти, истражувачи, основачи на ГО, волонтери) но, не располагаме со точни информации за бројот на лицата, вработени во ГО како и активисти, волонтери ниту пак за точниот вкупен број на активни ГО во државата. На прашалникот имаат одговорено вкупно 105 испитаници, жени и мажи, од различна возрасна категорија и со различно место на живеење.

74.3% од испитаниците се од женски пол, додека пак 25.7% се од машки пол. Најголем дел од нив спаѓаат во возрасната категорија од 36-45 год. (41%), по што следуваат оние од возрасната категорија 45-55год. (21.9%) и испитаниците кои припаѓаат на возрасната категорија од 19-25 год. (18.1%). 15.2% од испитаниците се во возрасната категорија 26-35 год.




Графикон бр. 1 возрасни категории на испитаници

По место на живеење, изразено во проценти, најголем дел од испитаниците се од Скопје и тоа 64,7%, понатаму, Струмица со 4,76%, Радовиш и Велес со по 3,80%, Куманово со 2,85% , Струга, Битола, Прилеп, Тетово, Берово, Гостивар со по 1,90%, додека Валандово, Ресен, Охрид, Крушево, Македонски брод, Делчево и Белград со по 0.95%.




Графикон бр. 2 Број на испитаници по место на живеење во %

60% од испитаниците одговориле дека ,,не биле директно цел (жртва)" на дигитално насилство согласно дефиницијата која им беше понудена во рамки на прашањето. 28.6% од испитаниците одговориле дека биле директна жртва на дигитално насилство. Од нив  30.7% испитаници од женски пол одговориле дека биле директна жртва на некоја форма на дигитално насилство додека пак кај машките испитаници тој процент изнесува 22.2%. Високи 10.5% од испитаниците (вкупен процент на жени и машки испитаници) одговориле дека ,,не се сигурни" дали биле директна жртва на дигитално насилство.




Графикон бр. 3 Дали сте биле директно жртва на дигитално насилство?




Графикон бр. 4  Дали сте биле директно жртва на дигитално насилство (жени-мажи)?

Во однос на формите на дигитално насилство согласно понудените форми во прашањето, 39.5% од испитаниците одговориле дека биле жртва на сексистички говор на омраза, 34.9% биле жртва на тролање, додека пак 30.2% биле жртва на сајбер малтретирање. Ова беа првите три најдоминантни форми на дигитално насилство на кои испитаниците посочиле дека биле жртви. Веднаш потоа доаѓаат сајбер демнењето со 27.9% , а по него сајбер вознемирувањето со 20.9%. При тоа на ова прашање најголем дел од жените кои изјавиле дека биле жртви на дигитално насилство ги селектирале следните форми: сексистички говор на омраза; сајбер демнење и сајбер вознемирување, додека пак мажите кои изјавиле дека биле жртва на дигитално насилство како форми на кои биле жртви ги издвоиле: тролање; доксинг, и сајбер вознемирување.




Графикон бр. 5 Форми на дигитално насилство

Платформата на која најчесто биле жртва на дигиталното насилство е Facebook, а потоа следува Instagram и како трет тип на платформа се наведени формите на директна комуникација како што се Viber и WhatsApp. Ова секако се поврзува и со возрасната категорија на испитаници која е најдоминантна во истражувањето и која најмногу ги користи мрежите како Facebook и Instagram. Помладата категорија на испитаници (19-25год.) ги одбрале и X (Twitter), Snapchat и TikTok како платформи каде што најчесто биле жртви на дигитално насилство.




Графикон бр. 6 на Која платформа сте искусиле дигитално насилство?

Најголем дел од испитаниците искусиле дигитално насилство неколку пати годишно (66.7%), додека пак на 19% од испитаниците истото им се случувало на неделно ниво. Секојдневно биле цел на дигитално насилство 7.1% од испитаниците што не претставува процент за занемарување.




Графикон бр. 7 Колку често дигитално насилство ви се случуваше?

Во однос на прашањето дали го познаваат насилникот , 62.5% од испитаниците одговориле дека ,,не го познаваат насилникот/сторителот" додека пак 35.4% го познаваат насилникот.




Графикон бр. 8 Дали го познавате сторителот?

Момчиња и мажи со 82.1% беше најчестиот одговор на прашањето кој беше сторителот/насилникот доколку истиот го познавате со што се потврдуваат наодите од претходни истражувања каде што лица од машки пол се најчестите сторители на која форма на дигитално насилство.




Графикон бр. 9 Категорија на сторители/насилници

59.2% од испитаниците не го пријавиле дигиталното насилство кое им се случувало, додека пак 40.8% од испитаниците одговориле дека го пријавиле дигиталното насилство. Запрашани зошто не го пријавиле, најчестиот одбран одговор е ,,неверување дека ќе има разрешница" (33.3% од испитаниците) потоа ,,недоверба во институциите" (25% од испитаниците). 11.1% од испитаниците

одговориле дека не го пријавиле дигиталното насилство поради ,,страв од дополнителни последици" по нив.




Графикон бр. 10 Дали го пријавивте дигиталното насилство?




Графикон бр. 11 Зошто не го пријавивте дигиталното насилство?

Најголем дел од испитаниците (31.4%) познаваат девојка/девојки кои биле жртва на дигитално родово базирано насилство, што упатува на претходни истражувања дека најголем дел од жртвите на дигиталното родово базирано насилство се помлади девојки. Потоа следуваат одговорите дека познаваат жена /жени (24.8%),

и 23.8% од испитаници одговориле дека познаваат и девојки и жени и момчиња кои биле жртви на дигитално насилство.




Графикон бр. 12 Дали познавате некој кој што бил жртва на дигитално насилство?

Како најчести последици од дигиталното насилство беа селектирани ,,изолираност и исклучување од социјалната средина" (73.3%) потоа ,,анксиозност, депресија и суицидни мисли" (55.2%) и ,,чувство на вина и срам на жртвата" (53.3%).




Графикон бр. 13 Последици од дигитално насилство

Последиците од дигиталното насилство по жртвите беа оценети како сериозни последици од страна на 80% од испитаниците, додека пак 12.4% од испитаниците сметаат дека последиците по жртвите се умерени.




Графикон бр. 14 Сериозност на последици од дигитално насилство

Како фактори за ризик за случување на дигитално насилство доминираа:

-јавен профил на социјалните мрежи (60%);

-онлај активности и практики (48.6%);

- тип на користена платформа (47.6%).




Графикон бр. 15 Фактори на ризик за дигитално насилство

Најголем дел од жените-испитанички ја селектирале мизогинијата како причина, потоа желбата за моќ и доминирање, додека пак кај мажите најчесто селектиран одговор беше дека причини поради кои се врши дигиталното насилство се: одмазда, омраза и завист, потоа желба за моќ, доминирање и докажување во сајбер просторот и штетни образци на однесување. Во вкупниот број на одговори доминираше ,,желба за моќ, доминирање и докажување во сајбер просторот на поединци, (63.8%), потоа мизогинија (44.8%), одмазда, омраза и завист (41.9%), влијание на штетни општествени образци (40%).




Графикон бр. 16 Причини за извршување на дигитално насилство

Испитаниците ,не знаат, (50.5%) дали платформите, социјалните мрежи реагираат соодветно на пријави /извештаи за дигитално насилство. 41.9% од испитаниците сметаат дека платформите и социјалните мрежи не реагираат соодветно на пријавите и извештаите за дигитално насилство.




Графикон бр. 16 Реагирање на пријави за дигитално насилство

Според испитаниците (50.5%) генеративните ВИ апликации и автоматизацијата претставуваат ризик за дигиталното родово базирано насилство, додека пак 41% од испитаниците не знаат дали истите претставуваат ризик за дигитално родово базирано насилство.




Графикон бр. 17 ВИ како ризик за дигитално насилство

Испитаниците сметаа дека најмногу под ризик од дигитално насилство се млади девојки (52.4%) по што следуваат момчиња и мажи со сексуална ориентација различна од хетеросексуална (45.7%) и жени, девојки и момчиња со 42.9%.




Графикон бр. 18 Перцепција кој е повеќе под ризик од дигитално насилство

Со изјавата дека **Дигиталното насилство е ретка појава освен ако не барате непријатни луѓе и места на интернет** не се согласуваат 61.5% од женските испитаници додека пак, кај машките испитаници тој процент изнесува 29.6%. Високи 32% од жените делумно се согласуваат дека дигиталното насилство е ретка појава освен ако не бараат непријатни луѓе и места на интернет. Кај машките испитаници тој процент е повисок и изнесува 44.4%. 6.4% од жените се согласуваат со изјавата додека пак кај мажите тој процент изнесува 25.9%.

91% од жените не се согласуваат дека **дигиталното насилство е туѓ проблем**, (пр.бр.22) додека пак кај машките испитаници тој процент изнесува 62%. Делумно се согласуваат 6.4% од жените, додека пак кај мажите процентот на мажи кои делумно се согласуваат дека дигиталното насилство е туѓ проблем изнесува 29%.

**Луѓето (жртвите) кои пријавуваат ја кажуваат вистината**; со оваа изјава се согласуваат 58.9% од жените, додека пак делумно се согласуваат 39.7% од испитаничките. Кога станува збор за мажите испитаници, овде преовладува одговорот ,,делумно се согласувам (55.5%) додека пак се согласуваат 44.4% од мажите. Од вкупниот број на испитаници, 55.2% од нив се согласуваат со оваа изјава, додека пак 43.8% делумно се согласуваат што претставува висок процент на испитаници.




Графикон бр. 19 Перцепција за жртвите




Графикон бр. 20 жени




Графикон бр. 21 мажи

Со изјавата во **прашање бр.24 Жените и девојките често прават претерани тврдења за насилство на интернет** делумно се согласуваат 51.8% од мажите, додека пак кај жените испитанички процентот на оние кои делумно се согласуваат изнесува 23%. Од вкупниот број на испитаници, со оваа изјава не се согласуваат 67.6%, додека пак делумно се согласуваат високи 30.5% од испитаниците.




Графикон бр. 22 претерани тврдења за насилство на интернет




Графикон бр. 23 Игнорирање на дигиталното насилство

Со изјавата во прашање бр. 23 Оние кои го доживуваат дигиталното насилство треба само да го игнорираат, делумно се согласуваат 29.6% од мажите, додека пак кај жените тој процент изнесува 15%. Кога станува збор за вкупниот број на испитаници со оваа изјава не се согласуваат 79% од испитаниците, додека пак делумно се согласуваат 19% од испитаниците.

Со изјавата жените и девојките можат да го заслужат насилството со облекување, објавување, фотографии на одреден начин, провоцирање не се согласуваат 79% од испитаниците, 14.3% делумно се согласуваат, додека пак се согласуваат 6.7% од испитаниците.




Графикон бр. 24 Насилството може да се заслужи

Од 25,7% испитаници мажи кои што одговориле на прашалникот, на изјавата жените и девојките можат да го заслужат насилството со облекување, објавување, фотографии на одреден начин, провоцирање и сл, не се согласуваат 70,3% од машките испитаници, 11,1% од нив делумно се согласуваат, а 18,5% од машките испитаници се согласуваат со оваа изјава.




Графикон бр. 25 одговори од мажи

На прашалникот одговориле 74,3% жени, а во врска со погоренаведената изјава ситуацијата е следна: 83,3% од жените кои што одговориле на прашалникот не се согласуваат со изјавата дека жените и девојките можат да го заслужат насилството со облекување, објавување, фотографии на одреден начин, провоцирање и сл; 14,10% од жените делумно се согласуваат, а 2,56% од жените се согласуваат со оваа изјава.




Графикон бр. 26 одговор од жени

Последното прашање од прашалникот беше прашање од отворен тип каде на испитаниците им се даде можност да дадат свои сугестии и препораки за превенција на дигиталното вклучително и дигиталното родово базирано насилство. Меѓу препораките од страна на испитаниците може да се набројат следните:

,, Мислам дека дигиталното насилство може да се спречи ако се едуцираме повеќе и знаеме како да се заштитиме онлајн. Важно е да се пријавуваат случаите и да има поддршка за жртвите. Исто така, платформите треба да преземаат одговорност и да реагираат побрзо.”

,,Едукација на девојки и жени за ризиците во интернет просторот од сите аспекти и за начините на заштита. Преку контактирање на надлежни служби или пак игнорирање, блокирање на луѓето кои го извршуваат насилството. Заштита на личните податоци и знаење како да се постапи во случај на ваков вид на насилство. Едукација , подигање на свеста на луѓето и што помалку користење на социјалните мрежи. "

,,Неопходно е да се побара идентификација на поединецот во секоја можна платформа кадешто членува, кога клика дека се согласува со правилата на таа платформа, навистина да ги почитува. Така, доколку е идентификуван, а направи дело коешто се вбројува во дигитално насилство, ќе може директно, лесно да се идентификува и за него да се воспостави конечна забрана на социјалните мрежи и платформи, а потоа истиот и институционално ќе се разгледува.

,,Поттикнување на луѓето на позитивно однесување и комуникација. Користење на дигитални алатки и нагодувања за заштита на профилите на социјалните мрежи, Пријавување на навредливи пораки, коментари и фотографии. "

# 4. ЗАКЛУЧОК

Дигиталната ера иако од една страна придонесува кон растечки дофат на технологии базирани на интернет, од друга страна ги зајакнува постоечките форми на насилство каде онлајн каналите стануваат нови простори за извршување на различни форми на насилство. И додека сите корисници на интернет алатките и интернетот можат да бидат цел на различни форми на дигитално насилство, сепак кај жените и девојките постои поголема веројатност да бидат цел на сајбер насилство на дигиталните платформи. Како резултат на тоа, тие доживуваат значителни физички, сексуални и психолошки стресови. Жените, особено оние кои припаѓаат на историски маргинализирани групи или пак кои се занимаваат со јавни професии често пати се диспропорционално засегнати од дигиталното насилство. Во поглед на дефиницијата за дигиталното односно технолошки овозможеното родово базирано насилство има недостаток на сеопфатна усогласена дефиниција на ниво на ЕУ што претставува примарна пречка за усвојување на потребната правна и политичка рамка.

Претходните истражувања говорат дека за 2024, 62,8% од жените во Македонија барем еднаш се имаат соочено со дигитално насилство, а најчести форми на онлајн насилство се добивање несакани или навредливи содржини или пораки и добивање несоодветни содржини од сексуална природа како и хакирање на приватни профили и веб-страници.

Од анализата може да се заклучи дека високи 28.6% од испитаниците (вклучително и мажи и жени) биле директна жртва на некоја форма на дигитално насилство. Од нив 30.7% испитаници од женски пол одговориле дека биле директна жртва на дигитално насилство додека пак кај машките испитаници тој процент изнесува 22.2%. Најчести форми на дигитално насилство на кои испитаниците биле жртва се сексистички говор на омраза, тролање, и сајбер малтретирање. При тоа има разлика во однос на формите на дигитално насилство доживеани од страна на жените и мажите –испитаници. Најголем дел од жените-испитанички биле жртви на сексистички говор на омраза; сајбер демнење и сајбер вознемирување, додека пак мажите-испитаници биле жртва тролање; доксинг, и

сајбер вознемирување. Најчесто споменуваната платформа на која биле жртви на дигитално насилство е Facebook, а потоа следува Instagram и како трет тип на платформа се наведени формите на директна комуникација како што се Viber и WhatsApp. Има разлика во однос на платформите на кои им се случувало насилството на помладите испитаници (и жени и мажи) на возраст од 19-25год. кои ги издвоиле X (Twitter), Snapchat и TikTok како платформи каде што најчесто биле жртви на дигитално насилство. Во најголем број случаи насилникот не е познат, но 35.4% од жртвите го познаваат насилникот кој најчесто е од машки пол. Анализата укажува дека овој тип на насилство во најголем број случаи не се пријавува поради ,,неверување дека ќе има разрешница" и ,,недоверба во институциите". Последиците од дигиталното насилство се сериозни и најчесто се манифестираат како ,,изолираност и исклучување од социјалната средина" ,,анксиозност, депресија и суицидни мисли" но се создава и ,,чувство на вина и срам кај жртвата." Анализата уште еднаш го потврдува постоењето на родовите стереотипи и предрасуди посебно преку наодите од вториот дел на прашалникот каде целта беше да се анализираат ставовите, перцепциите и верувањата на испитаниците. Така на пример високи 32% од жените делумно се согласуваат дека дигиталното насилство е ретка појава освен ако не бараат непријатни луѓе и места на интернет. Кај машките испитаници тој процент износува 44.4% што укажува дека кај машките испитаници се поизразени одредени предрасуди и норми. 29% од мажите испитаници делумно се согласуваат дека дигиталното насилство е туѓ проблем. Висок е процентот и на испитаници и кај двата пола кои делумно се согласуваат дека луѓето (жртвите) кои пријавуваат ја кажуваат вистината; кај жените 39.7% кај мажите делумно се согласуваат. Испитаниците сметаат дека едукацијата, подигањето на свеста за ова прашање, дигиталната писменост се клучни во заштитата од дигиталното насилство, меѓутоа се нагласува и улогата на онлајн платформите кои треба да преземаат одговорност и да реагираат побрзо, но исто така и поттикнување на корисниците на социјалните мрежи и платформи на позитивно однесување и комуникација.

Во однос на европската регулатива потребна е итна хармонизација на дефинициите на ЕУ за сајбер насилство врз жените. Додека пак националната законска рамка иако во одредени закони како што е Кривичниот закон вклучува

неколку кривични дела кои што се однесуваат и се применливи за технолошки овозможеното родово базирано насилство сепак е потреба конкретен опфат и дефиниција на технолошки овозможеното родово базирано  насилство. Законот за спречување на насилство врз жените и семејното насилство иако го опфаќа сексуалното вознемирување на интернет сепак е потребно проширување на дефиницијата на специфичните форми на родово базирано насилство на интернет и конкретни мерки за жртвите од овој вид на насилство.

Потребно е и подобрување на капацитетите на лицата кои што работат во конкретните институции во делот на собирање на докази и податоци и постапување со истите. Континуирано следење на развојот на официјалните документи, прописи и дефиници на европско ниво и усогласување на истите во националното законодавство, како и во националните стратегии и програми е императив за подобрување на националната рамка. Исто така, акцент треба да се стави на потребата од едукација и препознавање на технолошки овозможеното РБН и начините на кои што истото може да се превенира, преку споделување на искуства од луѓе кои се соочиле со овој вид на насилство.

Поголемиот број на луѓе кои што го користат интернетот немаат продлабочени знаења на оваа тема, но важно е да се забележи дека овој тип насилство постои, дека понекогаш и самите испитаници го искусиле и не секогаш го препознаваат. Потребно е да се работи на подобрување на пристапот до информации и менување на нормите при адресирањето на насилството. Ова е особено значајно поради сѐ пообемното нормализирање на насилството што потекнува и од родовите улоги и од непрепознавањето.

Резултатите од анкетата покажаа дека голем број од испитаниците немаат доверба во институциите во насока на пријавување и постапување по пријавите па следствено на тоа и соодветна заштита од овој вид насилство. Со оглед на тоа, потребно е да се работи на зајакнување на капацитетите на институциите со цел тие да договорат на технолошки овозможеното РБН на соодветен начин.

## 4.1. ПРЕПОРАКИ

**Препораки за институции и подобрување на правната рамка**

- Воведување на подетална дефиниција за технолошки овозможеното насилство и за неговите специфични под форми во законот за спречување на насилство врз жените и семејното насилство;
- Предлагање на конкретни мерки за заштита и справување со овој вид на насилство преку измена и дополнување на законот за спречување на насилство врз жените и семејното насилство;
- Предлагање на конкретни мерки за жртви на технолошки овозможеното РБН преку измена и дополнување на законот за спречување на насилство врз жените и семејното насилство;
- Воведување на итни мерки за забрана на пристапување и за заштита за случаи на дигитално семејно насилство и семејно насилство овозможено по пат на информатичката и комуникациската технологија и за други форми на насилство врз жените, преку измена и дополнување на Кривичниот законик;
- Подобар пристап на жртвите на технолошки овозможеното РБН до системите за кривична правда, брз одговор од страна на надлежните органи со соодветна примена на кривичното право во секој поединечен случај од овој вид на насилство;
- Подетално наведување на делата поврзани со технолошки овозможеното РБН, особено во рамки на кривичните дела како што се: злоупотреба на личните податоци, неовластено снимање, посредување во вршење проституција, задоволување полови страсти пред друг и расна и друга дискриминација;
- Објавување на извештаите со случаи на технолошки овозможено РБН со цел да се истакнат неговите штетни последици без разлика на просторот во кој се случува;
- Подобрување на капацитетите на лицата кои што работат во конкретните институции во делот на собирање на докази и постапување со истите;

- Континуирано следење на развојот на официјалните документи, прописи и дефиници на европско ниво и усогласување на истите во националното законодавство, како и во националните стратегии и програми;
- Воспоставување национални системи за собирање податоци, специјално насочени кон дигитално родово базирано насилство вклучително и подобрување на податоците распределени по пол;
- Поцврста контрола врз дигиталните и комуникациските технологии и онлајн медиумите;
- Подобрување на мултисекторски одговор, односно мултисекторска соработка во справување со ова прашања што би вклучило :
- Специјализирани и генерализирани служби за справување со дигиталното насилство и родово базирано дигитално насилство;
- Ревизија на протоколи и интерни акти/правилници доколку се детектира потреба;
- Натамошен развој на капацитети на професионалци во секторот за сајбер и друг вид на криминал;
- Останатите служби и институции фокусирани на заштита на жените и девојчињата од дигитално родово базирано насилство треба да ги вклучуваат жените и девојчињата во подготовка на документите, да применуваат пристап фокусиран на жртвата и да бидат придружени со упатства за заштита на податоците, со фокус на задоволување на потребите на особено ранливите жени, како што се жените што живеат во рурални и оддалечени области, жените со попреченост, жените погодени од конфликт, жените бегалци и раселени жени, жените од малцинските групи вклучително и развој специфични механизми за заштита за да се заштитат жените во јавните професии;
- Развој и отворање на поголем број линии за помош и поддршка на жртвите исклучиво од овој тип на насилство од стана на институциите;
- Едукација за технолошки овозможеното родово базирано насилство поддржано од училиштата и организациите, со цел препознавање и заштита од овој вид на насилство, а воедно и негова превенција;

- Креирање на механизми за поддршка од лица кои се соочиле со овој вид на насилство, каде што на непосреден начин ќе се зборува за овие искуства со лица, потенцијални жртви на технолошки овозможено РБН.

**Препораки за корисници на интернет и ГО кои работат на тематика**

- Спроведување на повеќе активности и кампањи од страна на државата и невладиниот сектор за препознавање на овој вид насилство, и неговите форми;
- Организирање на кампањи за подигање на свеста, продуцирање на материјали за информирање и едукација на населението преку употреба на најразлични дигитални платформи за превенција од овој вид насилство (во тоа можат да се вклучат и ГО како испорачувачи на обуки и училишта и факултети);

- Развој на програми за обуки за обучувачи за заштита од сајбер насилство;

- Развој на превентивни програми од страна на ГО и стратегии за превенција и заштита од ваквите форми на насилство, како и промоција на механизми за идентификување и справување со технолошки овозможенот РБН;
- Развој и отворање на поголем број линии за помош и поддршка на жртвите исклучиво од овој тип на насилство од стана на ГО;

- Овозможување побезбедна средина на интернет, преку сеопфатно справување со дигиталната димензија на насилството врз жените.

**Препораки за интернет платформи и онлајн медиуми**

- Проактивна, брза и навремена реакција на интернет платформите за отстранување на материјалите кои шират насилство во онлајн просторот;

- Зајакнување на обврските на интернет платформите и саморегулација односно користење на интерни механизми воспоставени за прекршување на правилата за користење;
- Креирани и воспоставени апликации кои би им овозможиле на корисниците да бараат помош со еден клик;
- Проактивност и навремена реакција од администраторите и модераторите на форумите и на онлјан порталите;
- Технолошките компании треба да го препознаат онлајн насилството и онлајн родово базираното насилство со цел подобро да соработуваат со постојните инструменти за спроведување на законите;
- Технолошките компании да дадат поголем придонес во следењето на пријавите, документирање на случаи односно во прибирање на податоци за онлајн насилство врз различни групи на корисници.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


- A/HRC/38/47: Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective. https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc3847-report-special-rapporteur-violence-against-women-its-causes-and
- *Action against violence against women and domestic violence Istanbul Convention*. Council of Europe. https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/about-the-convention.
- BE SAFE - Апликација за заштита и поддршка на жртви од родово базирано насилство. https://mvr.gov.mk/vest/14768
- Combating cyber violence against women and girls: Developing an EU measurement framework Methodological report, European Institute for Gender Equality, 2025, достапно на https://shorturl.at/xBitW
- Combating cyber violence against women and girls: Developing an EU measurement framework Methodological report, European Institute for Gender Equality, 2025, достапно на https://shorturl.at/xBitW
- Convention on cyber-crime. https://rm.coe.int/1680081561
- Council of Europe (2022), Дигиталната димензија на насилството врз жените кое е адресирано од седумте механизми на платформата EDVAW. https://rm.coe.int/thematic-report-on-the-digital-dimension-of-violence-against-women-as-/1680a933ae
- Council of Europe (2022), Нема простор за насилство врз жени и девојки во дигиталниот свет. https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/no-space-for-violence-against-women-and-girls-in-the-digital-world
- Council of Europe, "Cyber violence" достапно на: https://www.coe.int/en/web/cyberviolence.
- DIRECTIVE (EU) 2024/1385 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 14 May 2024 on combating violence against women and domestic violence. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:L_202401385
- Directive 2010/13/EU of the European Parliament and of the Council of 10 March 2010 on the coordination of certain provisions laid down by law, regulation or administrative action in Member States concerning the provision of audiovisual media services (Audiovisual Media Services Directive. https://eurlex.europa.eu/eli/dir/2010/13/oj/eng
- Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of 5 April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims, and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA**.** https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2011/36/oj/eng
- Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2011/93/oj/eng
- Equimundo, 20224, What is the Manosphere, достапно на https://www.equimundo.org/what-is-the-manosphere/

- General recommendation No. 35 (2017) on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19 (1992).
- HerNetHerRights: Mapping the state of online violence against women and girls in Europe, European Women's Lobby, Достапно на https://womenlobby.org/
- Institut pour l'égalité des femmes et des hommes, Plainte au pénal contre Twitter pour la distribution non-consensuelle d'images intimes | Institut pour l'égalité des femmes et des hommes. https://igvmiefh.belgium.be/fr/actualite/plainte_au_penal_contre_twitter_pour_la_distribution_non_c
- Online safety Act. 2023. What does the Online Safety Act do? https://www.gov.uk/government/publications/online-safety-act-explainer/online-safety-act-explainer#:~:text=safety%2Dact%2Dexplainer,What%20does%20the%20Online%20Safety%20Act%20do%3F,users'%20safety%20on%20their%20platforms.
- Panorama Global (2023), ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСИВ: Глобален извештај за пејзажот со сексуално насилство засновано на слики, Подготвен од: The Image-Based Sexual Abuse Initiative. https://assets-global.website-files.
- Politics 4 Her, 2025: Breaking the Silence: Cyber violence against Women in Europe, достапно на https://www.politics4her.com/policy4her/breaking-the-silence-cyberviolence-against-women-in-europe
- Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC. https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2016/679/oj/eng
- The dark side of digitalization: Technology-facilitated violence against women in Eastern Europe and Central Asia, UN Women Regional Office for Europe and Central Asia, 2023, достапно на https://shorturl.at/YTH0R
- The Victims' Rights Directive – Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA. https://victim-support.eu/legislation/the-victims-rights-directive/
- United Nations, Cyber violence against women and girls the growing threat of the digital age, 2024, достапно на https://unric.org/en/cyberviolence-against-women-and-girls-the-growing-threat-of-the-digital-age/
- United Nations, Thematic Reports, "The report of the UN Special Rapporteur on Violence against Women on the Causes and Consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective" 2018.
- Анализа на законодавството поврзано со технолошки овозможено родово базирано насилство. УНДП.
- За кого интернетот е безбедно место: Родово засновано насилство во онлајн просторот. Петковска, Н., Лешоска, В., 2021.
- Закон за бесплатна правна помош, член 6. https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/Zakon-za-besplatna-pravna-pomos.pdf

- Закон за заштита од дискриминација, член 10. Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година.
- И онлајн насилството остава лузни“–кампања на УНДП против сексуално насилство на интернет. https://mrt.com.mk/node/118596
- Кривичен Законик член 144, став 5. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23).
- Министерство за социјална политика, демографија и млади. https://www.mtsp.gov.mk/specijalizirani-uslugi-za-zrtvi-na-semejno-nasilstvo.nspx
- Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026. https://shorturl.at/EkYXJ